Уп. бр. 10-32

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 став (10) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/14 53/16, 83/18,208/24 и 16/2025) и член 124 став (1) алинеја 3) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15) постапувајќи по предлогот за огласување на решение за ништовно доставен од Дирекција за технолошки индустриски развојни зони на седницата одржана на ден 25.02.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Предлогот Уп. бр. 10-32 од 06.02.2025 година (бр. 13-351/1 од 06.02.2025 година) на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за огласување за ништовно на Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп. бр. 10-130 од 27.10.2022 година, СЕ УСВОЈУВА.

2. Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп. бр. 10-130 од 27.10.2022 година, СЕ ОГЛАСУВА ЗА НИШТОВНО БИДЕЈЌИ НЕГОВОТО ИЗВРШУВАЊЕ ВООПШТО НЕ Е МОЖНО.

**О б р а з л о ж е н и е**

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (во понатамошниот текст: ДТИРЗ) на ден 06.02.2025 година достави допис бр. 13-351/1 (наш број 10-32 од 06.02.2025) со предлог до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КЗК) да го огласи за ништовно Решението на КЗК Уп. бр. 10-130 од 27.10.2022 година.

Во прилог кон дописот бр. 13-351/1 од 06.02.2025 година, ДТИРЗ ги достави и Решението на КЗК Уп. бр. 10-130 од 27.10.2022 година, Договор бр. 13-1573/1 од 02.12.2022 година за доделување на државна помош, склучен со Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ&ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје, Анекс договор бр. 1 со бр. 13-1158/1 од 01.08.2023 година на Договорот за доделување на државна помош бр. 13-1573/1 од 02.12.2022 година, Одлука на Управен одбор на ДТИРЗ за раскинување бр. 02-1196/6 од 20.09.2024 година, Одлука од Влада на Република Северна Македонија за раскинување бр. 50-1171/2 од 28.01.2025 година како и еднострани изјави од страна на корисникот на државната помош (бр. 03-765/12 од 10.09.2024 година, бр. 03-765/13 од 10.09.2024 година, бр. 03-765/14 од 10.09.2024 година и бр. 03-765/15 од 10.09.2024 година).

Во дописот, ДТИРЗ наведува дека на ден 28.01.2025 година, Владата на Република Северна Македонија, донесе Одлука бр. 50-1171/2 за давање на согласност за раскинување на Договорот

за доделување на државна помош, склучен со Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ&ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје, за кој Договор, КЗК се произнесе на ден 27.10.2022 година со Решение Уп. бр. 10-130 од 27.10.2022 година.

ДТИРЗ, во име на Владата на Република Северна Македонија, склучи Договор за доделување на државна помош со Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ&ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје бр. 13-1573/1 од 02.12.2022 година. Кон истиот договор на ден 01.08.2023 година, склучен е и Анекс договор бр. 1 со бр. 13-1158/1.

Во Одлуката бр. 02-1196/6 од 20.09.2024 година на Управниот одбор на ДТИРЗ за раскинување на Договор за доделување на државна помош со Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ&ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје бр.13-1573/1 од 02.12.2022 година, наведено е дека Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука со бр. 41-4697/4 од 30.07.2024 година за давање на согласност за раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр. 09-521/1 од 09.03.2023 година и бр. 09-521/2 од 04.08.2023 година, Одлука со бр. 41-4697/4 од 30.07.2024 година за давање на согласност за раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр. 09-1568/1 од 02.12.2022 година, Одлука со бр. 41-4697/5 од 30.07.2024 година за давање на согласност за раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр. 09-1569/1 од 02.12.2022 година и Одлука со бр. 41-4697/6 од 30.07.2024 година за давање на согласност за раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр. 09-1570/1 од 02.12.2022 година склучени со Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ&ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје.

Исто така, во Одлуката бр. 02-1196/6 од 20.09.2024 година на Управниот одбор на ДТИРЗ наведено е дека од причина што горенаведените договори за долготраен закуп на градежно земјиште склучени со Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ&ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје, се раскинати со еднострани изјави со бр. 03-765/12 од 10.09.2024 година, бр. 03-765/13 од 10.09.2024 година, бр. 03-765/14 од 10.09.2024 година и бр. 03-765/15 од 10.09.2024 година, односно КРОМБЕРГ&ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје повеќе не е закупец во ТИРЗ, потребно е да се раскине Договорот за доделување државна помош на корисник на технолошко индустриска развојна зона со бр.13-1573/1 од 02.12.2022 година и бр. 13-1158/1 од 01.08.2023 година склучен помеѓу ДТИРЗ и Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ&ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје.

За таа цел, а врз основа на член 12 став (2) точка 29) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 04/07, 103/08, 130/08, 130/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и 13/23), Владата на Република Северна Македонија со Одлука бр. 50-1171/2 од 28.01.2025 година даде согласност за раскинување на Договорот за доделување на државна помош, склучен со Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ&ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје бр.13-1573/1 од 02.12.2022 година и бр. 13-1158/1 од 01.08.2023 година.

Во врска со ова, во доставениот допис бр.13-351/1 на ДТИРЗ, се наведува дека не постои можност за извршување на Решението на КЗК Уп. бр. 10-130 од 27.10.2022 година.

Од наведените причини ДТИРЗ на 06.02.2025 година достави предлог со кој бара КЗК да го огласи за ништовно Решението на КЗК Уп. бр. 10-130 од 27.10.2022 година.

По разгледување на предлогот на ДТИРЗ за огласување на Решението на КЗК Уп. бр. 10-130 од 27.10.2022 за ништовно, КЗК утврди дека:

КЗК со Решение Уп. бр. 10-130 од 27.10.2022 година утврдила дека мерките содржани во Известувањето за планирано доделување на помош и дополнителните информации за формата за известување за регионална помош, претставуваат доделување на државна помош како регионална индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 11 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10) како и доделување на државна помош преку шема на помош предвидена во Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Во предлогот на ДТИРЗ е наведено дека Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги КРОМБЕРГ&ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ Скопје е раскинат како и тоа дека не постои можност за извршување на Решението на КЗК Уп. бр. 10-130 од 27.10.2022 година. КЗК ова го прифаќа како причина поради која Решението на КЗК Уп. бр. 10-130 од 27.10.2022 година не може воопшто да се изврши и истото го огласува за НИШТОВНО.

Врз основа на горенаведеното КЗК одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Силјановска Николиќ**